**ДАНИЦА ПУРГ, РЕКТОР И ОСНОВАЧ НА ИЕДЦ БЛЕД-ШКОЛАТА ЗА МЕНАЏМЕНТ**

# Мора да побрзате за да нè стигнете!

**Ние немаме многу време за да се развиваме, немаме сто години како Харвард, мора да се развиеме веднаш. И денес, истиот совет им го давам на Македонците. Ние се развивавме пред 21 година во Словенија, вие сега мора да побрзате, за да не стигнете. Би сакала да видам повеќе Македонци кај нас. Досега имаме 41 Македонец кои посетувале програми, што е добро, но не и доволно. На Македонија и е потребно повеќе знаење**



**▲ Може ли да се каже дека ИЕДЦ е лидерски регионален центар за менаџмент?**

▼ Не само што е лидерски регионален центар за менаџмент, ние сме лидерска бизнис– школа во Централна и Источна Европа. Ако регионот го сметате од тука до Казахстан, тогаш ние со сигурност сме лидерска меѓународна бизнис– школа. Јас сум претседател и на Central and East European Management Development Association (CEEMAN), која обединува 175 бизнис–школи од 45 земји, и точно знам кој е кој. Знаете зошто сме лидерска бизнис– школа во овој огромен регион, кој опфаќа речиси половина милијарда луѓе? Една од главните причини е бидејќи ние сме единствената комплетна меѓународна бизнис– школа, имаме студенти од 69 земји, истовремено сме најстарата школа, низ која поминале околу 40.000 учесници. Но, другата причина за ова водечко место е затоа што имаме колекција од стотина професори од врвна класа од познатите школи од светот, а кога имате добри професори, добра програма, и сте меѓународна бизнис– школа, мултинационалните компании сами ве бараат, ги праќаат своите вработени кај вас за да научат нешто повеќе за културата во Централна и Источна Европа, бидејќи за успех во бизнисот неопходен ви е “нетворкинг”. Затоа, не сметам дека претеруваме кога велиме дека сме лидерската бизнис– школа во ЦИЕ.

**▲ Од кои земји најчесто доаѓаат учесниците во вашите програми?**

▼ Најмногу од регионот, но и мултинационалните компании кои се заинтересирани за регионот ги праќаат своите луѓе да учат овде, и оние кои веќе инвестирале во него, и оние кои имаат планови за проширување. Но, не е само оваа причина зошто ги праќаат своите луѓе на дообразување кај нас, има и друга компонента, бидејќи за парите што ги вложуваат добиваат многу, ние имаме многу висок квалитет на студии, кои се многу практично ориентирани. Ние сме школа за луѓе кои веќе се менаџери. Значи, имаме луѓе од Словенија, Хрватска, Русија, Полска, Чешка Република, Италија, Австрија, Јапонија, Кина, Холандија, Германија, Саудиска Арабија, Канада и САД, Франција, но не масовно. Сепак, мнозинството доаѓа од ЦИЕ. За првпат на програмата МБА имаме 20 земји во школата, претходно имавме 15 –16, а во летните школи за млади менаџери имаме по 28 земји. Но, јас не сум задоволна од тоа, би сакала да имаме 40 земји во школата, и само тројца Словенци меѓу нив, не седум. Исто така, би сакала да видам повеќе Македонци кај нас. Досега имаме 41 Македонец кои посетувале програми кај нас, што е добро, но не и доволно. На Македонија и е потребно повеќе знаење.

**▲ На кое ниво е менаџментот во Словенија?**

▼ Сметам дека нивото на менаџментот во Словенија е многу високо. Како што рече во една пригода поранешниот словенечки претседател Кучан, Словенија е успешна приказна и заради оваа школа. Ви зборував дека сега има учесници од многу земји во програмите на ИЕДЦ, но не беше така и на почетокот, тогаш имаше само по три или четири земји. Значи, најголем дел од вкупната бројка на студенти кои поминале низ Блед–школата (околу 40.000), барем 16.000 од нив се Словенци. Освен нашата школа, има и други два универзитети кои мораа да се натпреваруваат со нас, и на тој начин станаа подобри школи.

**▲ Дали сметате дека учесниците во вашите програми доаѓаат за да добијат повеќе знаење или за “нетворкинг”?**

▼ Добиваат многу работи, врвно образование, професори од врвна класа, практично ориентирани програми, многу “нетворкинг”, меѓукултурно образование, но добиваат и инспирација и време за да се пронајдат себеси. Нашето училиште е уредено како уметничка галерија, и ние секогаш охрабруваме креативност.

**▲ Како се решивте за ваква идилична локација на Школата, со одлична инфраструктура, каде што и се обрнува огромно внимание на уметноста?**

▼ Во Блед дојдовме по покана на градоначалникот, и локацијата одговараше на нашата замисла за место каде што луѓето можат да се пронајдат себеси и да извлечат инспирација. Школата е архитектонски “скапоцен камен”, уредена како уметничка галерија. Но, и во програмите на Школата ние ја вклучуваме уметноста. Можете да научите многу работи од начинот на кој функционираат оркестрите, тимската работа во нив, но и улогата на лидерот. Мислам дека може да се научи многу од другите професори, а ние сме многу иновативни во Школата, и ги внесуваме овие техники во предавањето. Според иновативноста, ние сме меѓу врвните 20–30 школи во светот. Бидејќи јас си реков себеси, не можеме да бидеме како Харвард бизнис– школата, голема и богата, но можеме да бидеме меѓу најдобрите во нешто. И тогаш ја одбрав уметноста.

**▲ Предавате лидерство, а велите дека во предавањата барате инспирација во уметноста. На кој начин?**

▼ Да, користиме многу уметност во предавањата, и филозофија и етика. Имаме околу шеесетина луѓе од целиот свет, кои доаѓаат кај нас, нема многумина такви кои предаваат истовремено и лидерство и уметност. И веќе ги гледаме резултатите. Еден Македонец кој студираше кај нас даде една многу убава изјава кога се врати од Блед–школата за менаџмент во вашата земја: “Не само што станав подобар бизнисмен, станав и подобар човек”. И ова е исклучително важно за нас. Ние ја вклучивме и етиката во нашите предавања пред неколку години, бидејќи сакаме да креираме одговорни лидери, одговорни за нивната компанија, за нивните семејства, за нивните земји, за нивната култура и за идниот развој.

**▲ Кога сте почнувале, сте имале многу интересно мото : “Да го земеме најдоброто од Западот и да го оставиме другото“ - “Take the best from the West and leave the rest!“. Дали се уште го почитувате?**

▼ Да, го почитувам се уште. Но, сега велам и дека “само најдоброто е доволно добро“. На едно патување во Америка, држев предавање и им се обратив на присутните објаснувајќи им дека доаѓам од Словенија, која се наоѓа во Централна Европа, и ако навистина сакате да и помогнете на Словенија, и на другите земји, да се развијат брзо –дајте ни го најдоброто од Западот, и оставете го другото. Потоа овој принцип го споделив и со други школи во ЦИЕ, бидејќи е прелесно да се земат други работи, како второкласни училишта. Ние немаме многу време за да се развиваме, немаме сто години како Харвард, мора да се развиеме веднаш. И денес, истиот совет им го давам на Македонците. Ние се развивавме пред 21 година во Словенија, вие сега мора да побрзате, за да не стигнете.

**▲ Дали го запознавте низ животот својот бизнис- идол, некого кого почитувате и му се восхитувате?**

▼ Отсекогаш им се восхитував на искрените и способни луѓе, сериозни и големи. Кога ја отворив ИЕДЦ Блед–школата за менаџмент му се восхитував на Питер Дракер, познатиот гуру за менаџмент, кој почина пред неколку години. Него го запознав многу доцна во животот, но ме импресионираше со својата скромност. Тој беше многу благороден и паметен човек, а можеше да биде и многу побогат, бидејќи еден час негово предавање чинеше 90.000 долари, но тој одбра да му помогне на светот. Донираше многу средства за непрофитни организации, тој беше навистина мудар човек. Тој со сигурност е на врвот од листата на луѓе на кои им се восхитувам. Кога бев млада му се восхитував на мојот татко, тој беше работник и интелектуалец во исто време, а пееше и во опера во малото село од кое потекнуваме. Генерално, им се восхитувам на луѓето кои имаат социјална димензија, кои се подготвени да им помогнат на другите. Почитувам позитивни луѓе, и затоа му се восхитувам на својот сопруг. Му се восхитувам и на Пол Клодел, кој реши да одржи предавање во Македонија, тој е навистина скромен и искрен човек, кој дојде овде без да бара надомест за своето предавање, на своја лична желба и инсистирање.

**▲ Кое е Вашето мислење за жените во бизнисот?**

▼ Јас сум многу активна и во женските здруженија, на професори и на бизнисмени во Словенија, а дел сум и од една асоцијација од Франција “Жените за економијата и општеството“. Секогаш кога има ново работно место во Школата, или стипендија за школување, а за нив конкурираат еднакво добри кандидати маж и жена, секогаш и давам приоритет на жената. Тоа е така, бидејќи верувам дека треба да има повеќе жени во бизнисот и во политиката, но мора да го негуваме и да го надградуваме нивното образование. Во моето школо има 62 вработени, од кои 26 се жени, зашто сметам дека тие се подобри во ова поле на бизнисот, покомуникативни се и имаат подобар однос кон клиентите. Верувам дека жените се корпоративните мажи на иднината.

Славица ИЛИЕСКА